# ПОВЕЛБА ЗА ИНТЕРНЕТ ПРАВАТА НА АПЦ

Интернет за социјална правда и одржлив развој

## ТЕМА 1: Интернет пристап за сите луѓе

**1.1 Влијанието што пристапот го има врз развојот и социјалната правда** Достапниот, брз и едноставен пристап на интернет може да помогне во создавањето на поегалитарни општества. Тој може да ги зајакне образовните и здравствените услуги, локалните бизниси, учеството на јавноста, пристап до информации, добро владеење и искоренување на сиромаштијата. Сепак, не би смееле да претпоставиме дека секоја технолошка иновација автоматски е полезна. Организациите на граѓанското општество (ОГО), владите и регулаторните тела треба да бидат свесни за потенцијалот за зацврстување на постоечката нееднаквост што интернет ја носи.

**1.2 Правото на пристап до инфраструктурата без оглед на местото на живеење** Интернет служи како глобална јавна инфраструктура. Оваа инфраструктура мора да биде широко распространета и да поддржува сигнал со доволна појасна ширина, за да им овозможи на луѓето насекаде да ги искористат нејзините потенцијали за да обезбедат нивниот глас да биде слушнат, да ги подобрат сопствените животи и да ја изразат својата креативност. Луѓето имаат право на раширена национална интернет мрежа која е поврзана со меѓународната мрежа.

**1.3 Право на вештини** Знаењето и вештините им даваат способност на луѓето да го користат и да го обликуваат интернетот според своите потреби. Локалните и националните власти, меѓународните организации, организациите на локалните заедници, како и субјектите од приватниот сектор мораат да поддржуваат и да промовираат бесплатни или евтини можности, методологии и материјали за обука на полето на користење на интернет за општествен развој.

**ЧЛЕН 26, УНИВЕРЗАЛНА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА (УДЧП):**
ОБРАЗОВАНИЕТО ЌЕ БИДЕ НАСОЧЕНО КОН ЦЕЛОСНИОТ РАЗВОЈ НА ЧОВЕКОВАТА ЛИЧНОСТ И КОН ЗАЈАКНУВАЊЕ И ПОЧИТУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ОСНОВНИ СЛОБОДИ.

**1.4 Право на интерфејс, содржина и апликации кои се достапни до сите („инклузивен дизајн“)** Интерфејсите, содржините и апликациите треба да бидат дизајнирани така да бидат достапни за сите луѓе, вклучувајќи ги и луѓето со физички, сетилни или когнитивни недостатоци, неписмените и луѓето кои говорат малцински јазици. Принципот на инклузивен дизајн и употребата на помошни технологии мора да се промовираат и поддржуваат, за да им овозможат на лицата со инвалидитет да се користат со интернет во потполност и под еднакви услови со луѓето без недостатоци.

**1.5 Право на еднаковпристап за мажите и жените** На многу места во светот мажите и жените немаат еднаков пристап до можноста за учење, дефинирање, пристап, употреба и обликување на интернетот. Напорите за зголемување на пристапот мораат да ги препознаат и да ги исправат постоечките родови нееднаквости. Мора да постои целосно учество на жените во сите области врзани со развојот на интернет, за да се овозможи родова еднаквост.

**1.6 Право на пристап по достапни цени** Носителите на политики и регулаторите мораат да обезбедат сите граѓани да имаат пристап до интернет по цени кои можат да си ги дозволат. Развојот на телекомуникациската инфраструктура и поставувањето на правилата, ценовната политика, даноците и тарифите треба да обезбедат пристап за луѓето од сите категории на лични примања.

**1.7 Право на пристап на работното место** За многу луѓе, работното место е основното или единственото место за пристап на интернет. Работниците и работодавците мораат да ја овозможат употребата на интернет на работното место, вклучително и за потребите од образовни програми за работниците, како и за заштита на работничките права.

**1.8 Право на јавен пристап** Многу луѓе никогаш нема да уживаат во можноста за приватен пристап до компјутери или до интернет. Точките за јавен пристап како што се телецентрите, библиотеките, центрите во локалната заедница, клиниките и училиштата мораат да бидат достапни за сите луѓе да имаат пристап на доволно растојание од местото на кое работат или живеат. Ова особено се однесува на младите луѓе кои живеат во земји во кои пристапот до интернет не е широко распространет или не е достапен по прифатливи цени.

**1.9 Правото на пристап и создавање културно и лингвистички разновидни содржини** Употребата на латиничното писмо доминира со веб-сајтовите, алатките за работа на интернет и софтверските пакети. Ова влијае врз развојот на локални содржини на јазиците кои не го користат латиничното писмо и ја ограничува можноста за размена на содржини меѓу различни култури. Техничкиот развој мора да ја охрабри лингвистичката разновидност на интернет и да ја поедностави размената на информации преку јазичните бариери.

## ТЕМА 2: Слобода на изразување и здружување

**2.1 Право на слобода на изразување** Слободата на изразување треба да се заштити од повреди било од владини или недржавни актери. Интернетот е медиум за јавна и приватна размена на мислења и информации преку цело едно мнозинство од граници. На индивидуалните лица мора да им се овозможи да ги претстават своите мислења и идеи, како и слободно да разменуваат и споделуваат информации преку интернет.

**ЧЛЕН 18, УДЧП:**
СЕКОЈ ИМА ПРАВО НА СЛОБОДА НА МИСЛА, СОВЕСТ И РЕЛИГИЈА.

**ЧЛЕН 19, УДЧП:**
СЕКОЈ ИМА ПРАВО НА СЛОБОДА НА МИСЛЕЊЕ И ИЗРАЗУВАЊЕ. ВОА ПРАВО ЈА ВКЛУЧУВА И СЛОБОДАТА ДА СЕ ЗАСТАПУВА ОДРЕДЕНО МИСЛЕЊЕ БЕЗ НИКАКВО ВМЕШУВАЊЕ И ДА СЕ БАРААТ, ДА СЕ ПРИМААТ И ДА СЕ ДАВААТ ИНФОРМАЦИИ И ИДЕИ ПРЕКУ МЕДИУМИТЕ БЕЗ ОГЛЕД НА ГРАНИЦИТЕ.

**2.2 Право на слобода од цензура** Интернетот мора да биде заштитен од сите обиди за замолчување на критичните гласови и за цензура на социјалните и политички содржини и дебати.

**2.3 Право на учество во онлајн протест** Организациите, заедниците и индивидуалните лица треба да имаат можност да го користат интернетот за организирање и вклучување во протести.

**ЧЛЕН 20, УДЧП:**
СЕКОЈ ИМА ПРАВО НА СЛОБОДА НА МИРНИ СОБИРИ И ЗДРУЖУВАЊЕ.

## ТЕМА 3: ПРИСТАП ДО ЗНАЕЊЕ

**ЧЛЕН 27, УДЧП:**
СЕКОЈ ИМА ПРАВО СЛОБОДНО ДА УЧЕСТВУВА ВО КУЛТУРНИОТ ЖИВОТ НА ЗАЕДНИЦАТА, ДА УЖИВА ВО УМЕТНОСТА И ДА ГО СПОДЕЛУВА НАУЧНИОТ НАПРЕДОК И НЕГОВИТЕ БЛАГОДЕТИ.

**3.1 Право на пристап до знаење** Широко распространетиот пристап до знаењето и здравите јавни добра засновани на знаењето ја даваат основата за одржлив човечки развој. Бидејќи интернет го овозможува споделувањето и кооперативното создавање на знаења на досега невидено ниво, тој треба да биде во фокусот на развојната заедница.

**3.2 Право на слобода на информации** Националните и локалните власти и меѓународните организации кои се финансираат од јавни фондови мораат да обезбедат транспарентност и отчетност преку објавување на информациите релевантни за јавноста што ги произведуваат и со кои управуваат во јавниот домен. Тие треба да обезбедат дека таквите информации се дистрибуирани на интернет преку компатибилни отворени формати и дека се достапни за луѓето кои користат постара компјутерска технологија и спори интернет врски.

**3.3 Право на пристап до информации финансирани од јавни фондови** Сите информации, вклучувајќи ги и научните и општествените истражувања, кои се произведени со поддршка од јавни фондови, треба да бидат достапни за сите.

## ТЕМА 4: ЗАЕДНИЧКО ЗНАЕЊЕ И ТВОРЕШТВО – СЛОБОДЕН СОФТВЕР И И РАЗВОЈ НА ТЕХНОЛОГИЈА

**ЧЛЕН 27, УДЧП:** СЕКОЈ ИМА ПРАВО СЛОБОДНО ДА УЧЕСТВУВА ВО КУЛТУРНИОТ ЖИВОТ НА ЗАЕДНИЦАТА, ДА УЖИВА ВО УМЕТНОСТА И ДА ГО СПОДЕЛУВА НАУЧНИОТ НАПРЕДОК И НЕГОВИТЕ БЛАГОДЕТИ.

**4.1 Право на споделување** Интернет нуди извонредна можност за споделување на информации и знаења, како и за воспоставување нови форми на создавање содржини, алатки и апликации. Провајдерите на алатки, интернет-услуги и содржини не можат да им забранат на луѓето да го користат интернетот за заедничко учење и создавање содржини. Заштитата на интересите на создавачите мора да се обезбеди на начин кој е конзистентен со отвореното и слободното учество во научните и културните текови на знаењето.

**4.2 Правото на слободен софтвер (ФОСС)** Ја поддржуваме употребата на ФОСС. Работата со ФОСС дава моќ, ги изградува способностите, е поодржлива и ја охрабрува локалната иновативност. Ние ги охрабруваме владите да усвојат политики кои ја охрабруваат употребата на ФОСС, особено во јавниот сектор.

**4.3 Право на отворени технолошки стандарди** Техничките стандарди кои се користат на интернет треба секогаш да бидат отворени за да дозволат интероперабилност и иновации. Развојот на нови технологии мора да одговори на потребите на сите сектори од општеството, особено оние кои се соочуваат со ограничувања и пречки при работата на интернет (како што се заедниците кои користат не-латинично писмо и лицата со недостатоци, постара компјутерска технологија или кои немаат пристап до брз и широкопојасен интернет).

**4.4 Право на придобивките од конвергенцијата и мултимедијалните содржини** Интернетот е мултимедијална платформа. Пристапот и регулацијата мораат да го надградуваат неговиот потенцијал за користење како средство за диверсификација на творештвото и сопственоста на онлајн содржините во повеќе формати, на пример, радија и телевизии во сопственост на заедницата или водени од неа.

## ТЕМА 5: ПРИВАТНОСТ, НАДЗОР И КОДИРАЊЕ

**5.1 Право на заштита на податоците** Јавните или приватните организации кои бараат лични податоци од луѓето треба да го бараат само основниот минимум и да го користат во минимално потребно време. Податоците можат да ги обработуваат само за минималните наведени цели. Собирањето, користењето, објавувањето и чувањето на податоците мора да се врши во согласност со транспарентна политика на приватност која им овозможува на луѓето увид во податоците кои се собрани за нив и да ги направат потребните корекции на неточните податоци. Собраните податоци мораат да бидат заштитени од неовластено објавување и сите грешки во обезбедувањето мораат да бидат исправени без одлагање. Собраните податоци треба да се избришат по истекот на потребата за која биле побарани. Јавноста мора да биде известена за можноста за злоупотреба на доставените податоци. Организациите ќе бидат обврзани да ги известат лицата во случаи на злоупотреба, губење или кражба на податоци.

**ЧЛЕН 12, УДЧП:** НИКОЈ НЕМА ДА БИДЕ ИЗЛОЖЕН НА ПРОИЗВОЛНО ВМЕШУВАЊЕ ВО НЕГОВИОТ ПРИВАТЕН И СЕМЕЕН ЖИВОТ, ДОМОТ ИЛИ ПРЕПИСКАТА, НИТУ ПАК НА НАПАДИ ВРЗ НЕГОВАТА ЧЕСТ И УГЛЕД.

**5.2 Право на слобода од надзор** Луѓето треба да можат да комуницираат ослободени од заканата за набљудување и пресретнување на комуникациите.

**5.3 Право на користење кодирање** Луѓето кои комуницираат преку интернет мораат да имаат право да користат алатки за кодирање на пораките за да обезбедат сигурност, приватност и анонимност на комуникацијата.

## ТЕМА 6: УПРАВУВАЊЕ СО ИНТЕРНЕТ

**6.1 Право на мултилатерален демократски надзор над интернет** Управувањето со интернет треба да биде мултилатерално и демократско, со целосна вклученост на владите, приватниот сектор, граѓанското општество и меѓународните организации. Ниту една влада нема да има превладувачка улога во однос на меѓународното управување со интернет.

**6.2 Право на транспарентност и достапност** Сите процеси на носење одлуки поврзани со управувањето и развојот на интернетот треба да бидат отворени и достапни на глобално, регионално и национално ниво.

**6.3 Правото на децентрализиран, кооперативен и интероперабилен интернет** Технолошкиот развој и основното управување со ресурсите на интернет мораат да бидат децентрализирани и засновани на соработка, и да помогнат во обезбедувањето на интероперабилна, функционална, стабилна, безбедна и ефикасна мрежа која е долгорочно мерлива.

**6.4 Правото на отворена архитектура** Интернет, како „мрежа на мрежи" е составен од голем број меѓусебно поврзани мрежи, засновани на клучната техничка идеја за вмрежување во отворена архитектура, каде која било мрежа каде било во светот може да биде вклучена и отворена за јавноста. Отворената архитектура мора да биде заштитена.

**6.5 Право на отворени стандарди** Најголемиот број протоколи во сржта на интернет се протоколи засновани на отворени стандарди кои се ефикасни, уживаат доверба и се отворени за глобална примена со мали или без лиценцни ограничувања.

**6.6 Право на неутрален интернет и принципот „од еден до друг крај"** Неутралноста на интернет, која главно се однесува на ефективниот трансфер на пакети, овозможува неговите податоци да престојуваат главно во компјутери, апликации, сервери, мобилни и други уреди на *крајните точки* од мрежата. Ова го овозможува развојот на еден широк спектар нови интернет активности, индустрии и сервиси „на крајните точки" и го претвора интернет во значајна алатка во поширокиот контекст на економскиот и општествениот развој. Интернет влече најголем дел од својата моќ и досег од вредноста на неговиот ефект на мрежа. Што повеќе луѓе имаат пристап до интернет, толку поголема е неговата вредност како средство за размена на информации и комуницирање. Принципот „од еден до друг крај" и неутралноста на мрежата мораат да бидат заштитени од сите обиди да се направи двостепен интернет и централизирана контрола.

**6.7 Право на интернет како интегрирана целина** Оваа централна интероперабилност е дел од вредноста на интернет како глобално јавно добро и не треба да се фрагментира од заканите за создавање национални интранет мрежи, употребата на филтри за содржини, неоснован надзор, нарушување на приватноста и ограничувања на слободата на изразување.

## ТЕМА 7: СВЕСТ ЗА ПРАВАТА, НИВНА ЗАШТИТА И ОСТВАРУВАЊЕ

**7.1 Право на заштита на правата, свест и образование** Правата на луѓето како корисници на интернет треба да бидат заштитени со меѓународни декларации за правата, со законска и политичка пракса. Националните, регионалните и глобалните управувачки тела мораат да ги направат информациите за правата и процедурите поврзани со интернет достапни за јавноста. Ова вклучува и јавно образование наменето за информирање на луѓето за нивните права во употребата на интернет и механизмите за справување со повредите на тие права.

**7.2 Право на заштита при повреди на правата** На луѓето им треба слободен јавен пристап до ефективни и отчетливи механизми за справување со повредите на правата. Ако човековите и интернет правата се под закана од содржини на интернет, или од незаконски надзор, ограничувања на слободата на изразување и други права, засегнатите страни треба да имаат пристап до заштитни механизми за делување против таквите повреди.

Интернет може да биде средство кое ќе им даде моќ на луѓето во целиот свет само ако правата неведени во оваа Повелба се признаени, заштитени и почитувани.

APC ASSOCIATION FOR PROGRESSIVE COMMUNICATIONS

www.apc.org info@apc.org

Во соработка со www.oneworldsee.org